**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО*

**за III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***
***правен техничар***

**Скопје, мај 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Правен техничар
1.2.2. Група струки: Економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Предмет карактеристичен за образовниот профил

## 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 4 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучување): 144 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *основи на приватно право,* е ученикот да стекне знаења, умешност и способност од приватното право (граѓанското право, стварното право и правото на интелектуална сопственост).

Од општата цел на наставата по предметот *основи на приватно право,* произлегуваат следниве посредни цели:

- ученикот да го разграничува приватното од јавното право;
- да ги разликува изворите и нормите на граѓанското право;
- да ги толкува нормите на граѓанското право со кои се регулираат граѓанско Ђ правните односи;
- да ги сфати граѓанско правните факти;
- да ги применува во граѓанско Ђ правниот промет;
- да ги разликува субјектите и објектите на граѓанско Ђ правниот однос;
- да го разбере значењето на граѓанско правниот деликт;
- да ги идентификува начините на стекнување на правата од граѓанско Ђ правните односи;
- да ги почитува правата и правилата од граѓанско Ђ правниот промет;
- да ги објасни правните основи и содржината на застапувањето;
- да го разбере предметот на стварното право;
- да го почитува правото на сопственост;
- да го идентификува значењето на интелектуалната сопственост (правото на индустриска сопственост и авторското право;
- да развива чувство и свест за неповредување на авторските права.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини на наставниот предмет *основи на приватно право*, односно за постигнување на зацртаните цели, потребни се претходни знаења од областа на наставните предмети *основи на јавно право* од втора година, *основи на правото* од прва и втора година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ПРИВАТНОТО ПРАВО** | **3** | Ученикот:<br>- да го објасни поимот на приватното право;<br>- да ги сфати карактеристиките на приватното право;<br>- да го разликува приватното од јавното право. | Наставникот;<br>- презентира шема за разграничувањето на приватното од јавното право со употреба на хамер или графоскоп при што во изработка на шемата да учествуваат и учениците. | *1. Основи на јавно право за ИИ година*<br>Тематска целина:<br>- поим за јавно и приватно право<br>*2.Основи на правото за ИИ година*<br>Тематска целина:<br>- основни поими за правото.<br>*3.Основи на правото за И година*<br>Тематски целини:<br>- поим на право;<br>- правни односи;<br>- субјекти на правото;<br>- правни дела. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ОПШТ ДЕЛ НА ГРАЃАНСКО ПРАВО**<br><br>**2.1. СУБЈЕКТИ И ОБЈЕКТИ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО**<br>**2.2. ГРАЃАНСКО ПРАВЕН ОДНОС** | **67** | - да го дефинира поимот на граѓанското право;<br>- да го определи предметот на граѓанското право;<br>- да го опише настанувањето на граѓанското право;<br>- да ги разграничи изворите на граѓанското право: материјалните од формални извори;<br>- да ги класифицира нормите на граѓанското право;<br>- да го објасни поимот, функцијата и видовите на толкување на граѓанско Ђ правните норми;<br>- да го определи поимот и составните елементи на граѓанско - правниот однос;<br>- да ги карактеризира субјективните права (поим, суштина на правото);<br>- да ја сфати правната положба на субјектите во граѓанското право;<br>- да ги определи видовите на субјекти и нивното настанување;<br>- да ги карактеризира способностите и атрибутите на субјектите;<br>- да ги идентификува објектите во граѓанското право;<br>- да ја сфати содржината на граѓанско - правните односи; | - презентира извори на граѓанското право;<br>- ги задолжува учениците самостојно да обезбедат примери од практика за изворите на граѓанското право (закони, договори, узанси и др.)<br>- читање на одредби од закони;<br>- прикажува и објаснува шематски приказ за субјектите и објектите во граѓанското право, и граѓанско - правните факти со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор.<br>- демонстрира и ги објаснува видовите на граѓанско - правни факти со посебен акцент на граѓанско - правниот деликт преку шематски приказ на ЛЦД проектор;<br>- насочува дискусија за поимот, видовите, формите и модификациите на | *1. Основи на приватно право за ИИИ година*<br>Со претходната тематска целина<br><br>*1.Основи на правото за И година*<br>Тематски целини:<br>- субјекти на правото;<br>- извори на правото;<br>- правни работи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разграничува видовите на граѓанско - правни факти;<br>- да ја сфати волјата и граѓанско Ђ правните теории за волја;<br>- да го разбере граѓанско - правниот деликт и настаните;<br>- да ги идентификува обележјата на деликтот;<br>- да ги разликува претпоставките од фикциите;<br>- да го класифицира стекнувањето и губењето на правата: оригинерно и деривативно;<br>- да го сфати правниот и економскиот промет на правата;<br>- да го идентификува предметот и средствата на прометот;<br>- да го истакне значењето на причинско Ђ последичната врска на прометот;<br>- да го објасни престанокот и промените во граѓанско - правните односи;<br>- да го идентификува правното дело;<br>- да ги разграничи видовите и модификациите на правните дела;<br>- да го истакне значењето на вршењето и заштитата на правата (средства за правна заштита); | правно дело со употреба на графоскоп при што учениците работат во групи;<br>- презентира примери од договори, откази, тестаменти и други правни дела од практиката;<br>- организира вежби преку групна работа за пресметување на рокови за застареноста;<br>- презентира примери на полномошна од практиката. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го разбере значењето на застареност и роковите на застарување;<br>- да се запознае со застапувањето;<br>- да ги разбере правните основи и содржината на застапувањето;<br>- да ги идентификува застапниците и видовите полномошна;<br>- да го објасни престанувањето на застапувањето. | | |
| **3. СТВАРНО ПРАВО**<br>**3.1. СОПСТВЕНОСТ**<br>**3.2. СЛУЖБЕНОСТИ И ВЛАДЕНИЕ**<br>**3.3. ЗАЛОЖНО ПРАВО** | **50** | - да ја препознава теоријата за стварното право;<br>- да го сфати предметот на стварното право;<br>- да ги класифицира стварите (предмети, пари, хартии од вредност, вредносни ствари и други);<br>- да го разбере поимот на сопственоста;<br>- да ја карактеризира сопственоста;<br>- да ги разликува видовите на сопственост во Р Македонија;<br>- да го идентификува престанувањето на правото на сопственост;<br>- да ја елаборира заштитата на сопственоста во случај на повреда на сопственичките овластувања | - прикажува и објаснува шематски приказ за видовите на ствари и стварно - правните факти.<br>- дискутира за сопственоста како стварно - правен однос и нејзините карактеристики.<br>- презентира и објаснува шематски приказ со употреба на ЛЦД проектор за видовите на сопственост во РМ.<br>- презентира и објаснува графички приказ за владението и неговите видови; | 1.*Основи на приватно право за III година*<br>Со претходната тематска целина.<br><br>2.*Основи на правото за II година*<br>Тематска целина:<br>- основи на облигационото право. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (тужба за вознемирување, сопственичка тужба,тужба врз основа на претпоставена сопственост);<br>- да ги разликува начините на стекнување на сопственост: оригинерна, деривативна, по пат на наследство и други начини;<br>- да го разбере поимот и суштината на правото на службеност;<br>- да ги објасни карактеристиките на службеностите;<br>- да ги класифицира видовите на службености;<br>- да го елаборира настанувањето и губењето на службеностите;<br>- да го разбере владението како фактичка власт врз стварите;<br>- да ги идентификува субјектите и објектите на владението;<br>- да ги класифицира видовите на владение според:<br>а) потеклото;<br>б) содржината на волјата на владетелот;<br>ц) правната основа;<br>- да ги објасни начините на прибавување на владение, неговата заштита и престанок; | - насочува дискусија, презентира шематски приказ изработен на хамер (се препорачува учество на учениците во изработката) за:<br>а) правото на службеност<br>б) правото на залога.<br>- презентира акти од практиката за ставање на недвижности под хипотека. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го разбере поимот на залог како стварно субјективно право;<br>- да ги објасни карактеристиките на заложното право;<br>- да ги класифицира видовите на залога од хипотеката;<br>- да го објасни престанокот на заложното право. | | |
| **4. ИНТЕЛЕК-ТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**<br>**4.1. ПРОНАЈДУВАЧКО ПРАВО**<br>**4.2. АВТОРСКО ПРАВО** | **22** | - да се запознае со поимот и видовите на интелектуална сопственост;<br>- да ги идентификува правата од индустриска сопственост (патенти, лиценци, модели или мостри, стоковни и услужни жигови и ознака за потекло на стоката);<br>- да го сфати значењето на кнођ - хођ (знаење - умеење);<br>- да го истакне значењето на правната заштита на правата од индустриската сопственост;<br>- да ги определи поимите од авторското право: авторско дело и авторски права;<br>- да ја идентификува содржината на авторските права (морални, материјални и други права на | - организира посета на Авторска агенција и на Заводот за заштита на индустриска сопственост.<br>- насочено води дискусија за правата од интелектуална сопственост;<br>- поттикнува и организира групна работа за подготвителни дејства (подготвување на документација за тужење на неовластените корисници на авторски дела, прибирање на приговори, прибирање на доказен материјал, реакции и сл.) за заштита | *1. Основи на правото за И година*<br>Тематска целина:<br>- субјекти и објекти на правото.<br><br>*2.Основи на приватно право за ИИИ година*<br>Со претходната тематска целина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | авторот);<br>- да ја истакне нужноста од законска дозвола за користење на правата од авторското право;<br>- да го карактеризира авторското право и склучувањето на издавачки договор;<br>- да ги разликува видовите на авторски дела (аудио, визуелни дела, компјутерски програми и сл.);<br>- да ги открие сродните права на авторското право (правата на издавачите, на продуцентите и др.);<br>- да ја сфати нужноста од заштита на авторските права;<br>- да ја објасни деликтната одговорност за причинета штета на авторските права;<br>- да ги опише општите правила за деликтната одговорност;<br>- да ја препознава одговорноста за друго лице;<br>- да ја идентификува одговорноста за причинета штета од животни и од предмети. | на правата на сопственост.<br>- читање на закони, тесктови од плагијати и сл. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет *основи на приватно право*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: водење на насочена дискусија, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.
*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да толкува позитивни законски прописи, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.
*Активности на наставникот се:* организирање, планирање и подготовка на наставата, давање инструкции за работа, поттикнување на дискусии, објаснување, поставување прашања, оценување и поттикнување на самооценување и креативност од страна на учениците, симулирање на процеси и реални ситуации, презентирање, правење забелешки.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *основи на приватно право,* се изведува преку теоретска и практична настава во училница, организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници Ђ стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и друштвата, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет, се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои можат да се изведуваат дома и во училиштето. Образовните активности по предметот, *основи на приватно право* се организирани во две полугодија, четири тримесечија и неделен распоред на часовите.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *основи на приватно право,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, обрасци, шеми и сл. Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците, е учебник за овој наставен

предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, закони и практикуми од соодветни области, коментари на законите.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења за секоја тема одделно, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не покаже резултати во реализирањето на конкретните цели на Наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по право ВИИ 1, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит;.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**

За реализација на Наставната програма по *основи на приватно право,* ќе се користи училиница или кабинет опремен со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај, 2001 година
**7.2. Датум на превземање:** мај 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Д-р Арсен Јаневски, професор, Правен факултет, Скопје
3. Ѓорѓи Бајлозов, советник, Министерство за економија,Скопје
4. Ана Аџиева, наставник, ДСЕПУ вВасил Антевски - Дренг, Скопје
5. Ленче Кузмановска, наставник, ДСЕПУ вВасил Антевски - Дренг, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за *основи на приватно право,* ја одобри (донесе) : министерот за образование и наука со решение број 11-2934/1 од 27.06.2001 година.